Врз основа на член 29 и 34 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20), по барање на ЕСМ Дистрибуција на топлина Дооел - Скопје, за интервенција врз зеленилото, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши пресадување ( корнење и повторно садење ) на урбано зеленило ( јавно зеленило ) на 15 дрва (5 јавори, 2 липи, 2 јасени, 2 платани, багрем, чемпрес, туја и орев) кои се наоѓаат на ул. Јуриј Гагарин пред зградата бр. 43 и бр.35 и ул. Брадфордска бр. 1 – Скопје.
2. Пресадувањето на дрвата ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 10 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Активностите наведени во точка 1 од ова решение треба да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило" -Скопје.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

ЕСМ Дистрибуција на топлина - Скопје, ул. ”11 Октомври” бр. 9 - Скопје, поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр.к14-2911/3 од 03.07.2023 година, за отстранување на дрвата кои се наоѓаат на ул. Јуриј Гагарин пред зградата бр. 43 и 35 и ул. Брадфордска пред зграда бр.1 – Скопје.
Службено лице од град Скопје заедно со службеникот од ЈП "Паркови и зеленило" го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. На увидот учествуваше и претставникот од ЕСМ Дистрибуција на топлина – Дооел Скопје. Утврдено е дека дрвата предмет на барањето, претставуваат пречка за изградба (дислокација) на вод Е2 од шахта Ш090 до новопроектирана шахта Ш180 со пропратни новопроектирани делници од секундарни водови на ул. Јуриј Гагарин согласно Правосилно одобрение за градење УП1 Бр. 22-314 од 21.06.2023 год. издадено од Општина Карпош.
Во член 34 став 1 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) стои дека корнење, сечење и кастрење дрвја, грмушки и жива ограда на јавни зелени површини може да се врши ако пречат на подземни или надземни инсталации, кога постои опасност да причинат човечки или материјални штети.
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило, во блоковско зеленило на ул. Јуриј Гагарин и ул. Брадфордска и дека во случајот изведбата на градежните работи е можна, доколку се отстранат дрвата.
Бидејќи во случајот не се врши сечење на дрвата, не постојат услови да му се наметне обврска на барателот за компензациско садење.

Поради се горе наведеното овој орган има одлучено како во диспозитивот.

Број **к14-2911/3/2**
**20.07.2023** година
Скопје

**Доставено до:** Барателот, ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје и Архива

изготвил:

______________________
**Марија Стојановска**

Раководител на Одд.
**Емил Дуровиќ**
______________________

Пом. Раководител на Сектор
**Драги Митковски**
______________________

Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**
______________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје
**Зоран Глигоров**

______________________

Врз основа на член 108 став 4 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15 и 65/18 ), а во врска со барањето на ЕСМ Дистрибуција на топлина Дооел – Скопје, Градоначалникот на Град Скопје донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

1.Се укинува одложното дејствие на жалбата на решението бр. к14-2911/3/2 од 20.07. 2023 год. донесено од градоначалникот на град Скопје.
2.Решението бр.к14-2911/3/2 од 20.07.2023 год. донесено од градоначалникот на град Скопје може да се реализира веднаш.
3. Ова решение е конечно и извршно.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Постапувајќи по барањето на ЕСМ Дистрибуција на топлина Дооел - Скопје овој орган има донесено решение со кое се дозволува пресадување ( корнење и повторно садење ) на 15 дрва (5 јавори, 2 липи, 2 јасени, 2 платани, багрем, чемпрес, туја и орев) на ул. Јурија Гагарин пред зграда бр.43 и бр.35 и ул. Брадфордска бр.1– Скопје.
Во барањето е наведено дека постои потреба од итна интервенција врз предметното зеленило бидејќи постои потреба од изведба на градежни работи од причина што потребно е да се изврши дислокација на вод.
Во член 108 став 3 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15) стои, дека одложното дејство на жалбата може да се укине ако е потребно да се преземат итни мерки за јавниот интерес, или ако поради одлагање на извршувањето на странката би и била нанесена штета што не би можела да се надомести.
Во став 4 од истиот член стои дека укинувањето на одложното дејство се прави со посебен управен акт.
Овој орган како неспорно има утврдено дека со реализација на решението значително ќе се овозможи убрзување на градежните работи, за што постои јавен интерес, па согласно на тоа смета дека треба да се укине одложното дејствие на жалбата .

Поради наведеното е одлучено како во диспозитот,

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управен суд во рок од седум дена.

Број **к14-2911/3/3**
**20.07.2023** година
Скопје

**Доставено до:**
- Барателот
- Архива
-ЈП Паркови и зеленило

Изготвил
**Марија Стојановска**

Раководител на Одд.
**Емил Дуровиќ**

Пом. Раководител на Сектор
**Драги Митковски**

Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје

**Зоран Глигоров**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT * QYTETI I SHKUPIT - SHKUP